**20240611428**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

Врз основа на член 19 став (3) од Законот за употребата на македонскиот јазик („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 21/24), министерот за култура донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ИЗДАДЕНИТЕ И ОДЗЕМЕНИТЕ ЛЕКТОРСКИ ЛИЦЕНЦИ, КАКО И НА ЛЕКТОРСКИТЕ ЛИЦЕНЦИ КОИ ПРЕСТАНАЛЕ ДА ВАЖАТ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на издадените и одземените лекторски лиценци, како и на лекторските лиценци кои престанале да важат (во натамошниот текст: Регистарот).

Член 2

(1) Регистарот ги содржи следниве податоци:

- редниот број под кој лекторот се заведува во Регистарот;
- име и презиме на лекторот;
- адресата на живеалиштето, односно престојувалиштето на лекторот, неговиот телефонски број, како и електронската адреса на која лекторот ќе прима писмена;
- датумот кога лицето го полагало испитот за добивање лекторска лиценца;
- бројот на лекторската лиценца и датумот на издавањето на лекторската лиценца;
- датумот на престанувањето на важењето на издадената лекторска лиценца и на нејзина замена со нова и причините за замената (неупотребливост поради оштетување или дотраеност);
- датумот на пријава на загуба или друг начин на останување без лекторска лиценца,
- датум на издавање на нова лекторска лиценца и број на нова лекторска лиценца;
- бројот на донесениот акт за одземањето на лекторската лиценца и датумот кога лекторската лиценца била одземена;
- податоци за работодавач на лекторот (назив, адреса и телефонски број на органот на државната управа, високообразовната установа, научната установа, стручната установа, трговското друштво, односно трговецот поединец каде што е вработен лекторот) или дека е самовработено лице.

Член 3

(1) Регистарот се води во електронска форма.

(2) Извод од Регистарот се печати на хартија на квартално ниво.

(3) Записот во Регистарот се врши според датумот и редоследот на издавањето на лекторската лиценца.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на издадените и одземените лекторски лиценци, како и на лекторските лиценци кои престанале да важат („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/18).

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 53-3440/2
12 март 2024 година
Скопје

Министер за култура,
**Бисера Костадиновска-Стојчевска,** с.р.